Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 08-239/2
30.08. 2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по предметот – Барање за замешувач во судска постапка, бр.08-239/1 од 25.08.2021 година, поднесен од [redacted] од Прилеп, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20 од 30.10.2020), на 30.08.2021 ја донесе следнава

# ОДЛУКА

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи да не се вклучи во судската постапка 11 П4-11/20 како замешувач на страна на тужителката [redacted] од Прилеп, против тужените Република Северна Македонија, Министерство за финансии и Република Северна Македонија за Судски совет на Република Северна Македонија, со правен основ – заштита од дискриминација и надомест на штета и вредност на предметот 122.000.000,00 денари.

## Образложение

На 25.08.2021 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено барање за вклучување во судска постапка од [redacted]. Во барањето за замешување подносителката се повикува на членот 40 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој предвидува вмешување на трети лица во парница од страна на лицето кое тврди дека е дискриминирано и предлага замешување на Комисијата во судската постапка што е во тек. Тужителката во дописот бара од судот да утврди дека Република Северна Македонија, Министерство за финансии го повредиле правото на сопственост на барателите при примената на Законот за денационализација и смета дека со тоа ја дискриминирале.

Таа предлага врз основа на член 34 став 1 т.1 и 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, судот да утврди дека тужените им го повредиле правото на сопственост на барателите, затоа што не постапиле во целост по истото и да ги задолжи тужените да преземат дејствија за отстранување на дискриминацијата или последиците од неа, така што ќе им го надоместат бараниот износ на име отштета што им припаѓало по член 28 од Законот за денационализација бидејќи, според нејзини наводи, тоа претставувало дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја разгледа доставената документација и смета дека правниот проблем во конкретниот случај не е дискриминација. Комисијата укажува дека не секоја повреда на право претставува дискриминација. Според членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, дискриминацијата е секое разликување, ограничување или давање првенство што се заснова на ***дискриминаторска основа*** кое има за цел да ги спречи, ограничи или да не им го признае остварувањето на правата и слободите на одредено лице или група ***на еднаква основа со други.***

Закон за спречување и заштита од дискриминација во чл. 21 во кој се наведени законксите надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, пропишува дека Комисијата има можност да се јави како замешувач во судски постапки за заштита од дискриминација. Одлуката за замешување во судска постапка за заштита од дискриииминација е дискреционо право на Комисијата. Комисијата согласно своите стратешки определби и капацитети со кои располага има пракса на вклучување во судски постапки за заштита од дискриминација во кои се работи за јавен интерес и/или постапки со кои е опфатена поголема група луѓе. Со

оглед дека во конкретниот случај нема јавен интерес, ниту со постапката е опфатена поголема група луѓе, а vis a vis проценката дека во конкретниот случај во кој се бара вклучување како замешувач не станува збор за дисркиминација, Комисијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Скопје
30.08.2021

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска